УДК: 323.1:28(4)(049.3)

Ферид Мухиќ, *Исламскиот идентитет на Европа*, Центар за напредни студии / Логос-А, Сараево / Скопје, 2014, страници 409

На почетокот на август 2014 година за првпат беше објавена книгата „Исламскиот идентитет на Европа“ од Ферид Мухиќ[1] од Центарот за напредни студии од Сараево и издавачката куќа Логос-А од Скопје. Книгата предизвика голем интерес и доживеа голем број на промоции, предавања и изданија, а преведена е на германски и англиски јазик. Секоја година имаше по едно издание, последното од Слово Босанско, Сараево, 2022, а во печат е и ново од издавачот Алтернатива, кое треба да излезе до крајот на годината. Поради тоа се одлучив да направам приказ за ова многу интересно и значајно дело.

Покрај насловот на книгата „Исламскиот идентитет на Европа“, кој сам по себе делува предизвикувачки, авторот во секоја реченица од оваа книга тоа и го потврдува со ова историско-филозофско дело во кое ги толкува социјалните, политичките, културните, религиозните и другите компоненти кои ја сочинуваат модерната Европа, а кои се формирале токму под исламско влијание или во интеракција со христијанството и јудаизмот.

Книгата е напишана на 409 страници. Со цел правилно да ја објасни својата експертиза и анализа на историските настани и општоприфатените вистини за Европа, авторот методолошки и структурно ја поделил на седум поглавја: *Културна арогантност на современиот антиисламизам; Европјани муслимани: Демографски показатели; Историја на политичките*

[1] Ферид Мухиќ, универзитетски професор, филозоф и писател, е роден во 1943 година во Махоје кај Завидовиќи, Босна и Херцеговина. Во својата богата академска кариера предавал на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, и на други универзитети низ светот, како што се: Меѓународниот институт за исламска мисла и цивилизација во Куала Лумпур, Државниот универзитет на Флорида, Универзитетот во Сиракуза и на универзитетите во Југоисточна Европа. Неговите потесни области на интерес се современата филозофија, културната антропологија, естетиката, политичката филозофија и филозофијата на религијата. Има објавено повеќе дела од горенаведените области, како и повеќе литературни дела, меѓу кои се: Критички методи, Филозофија на иконокластицизмот, Мотивација и медитација, Штит од злато, Нуменологија на телото, Студија за фрагментација и очај, Логос и Хиерархија, Мисла во акција, смисла и доблест, Утешителни филозофи, Филозофија на религијата во германскиот класичен идеализам, Екс катедра, Фалко Перегринус и др.

*и културните односи на исламските и христијанските земји од Европа; Ел-Енделус – Поука за модерната Европа; Ислам на Балканот; Европска Турција (Османлиска Држава) и Османлиското духовно наследство како заедничка основа на муслиманските идентитети на Балканот.* Пред разработката низ наведените поглавја авторот во предговорот и воведот нè запознава, поточно нè воведува во ова многу важно истражување кое претставува голем исчекор во развојот на научната мисла во областа на општествените науки.

Темата на оваа книга е двојна: прво, да ја демантира оправданоста на доминантно негативните стереотипи за исламот и укаже на нивната историска и фактичка неоснованост, и второ да го демонстрира исламскиот придонес во развојот на Европа. Притоа авторот ја третира историјата и ефектите од присуството на исламот во Европа, го анализира влијанието на исламот врз сите клучни аспекти на феноменот што се подразбира под општоприфатената синтагма „европски идентитет“, поединечно, но и исламот во интеракција со христијанството и јудаизмот.

Во рамките на автентичното разбирање на европскиот исламски идентитет, авторот во расветлувањето на вистината на повеќе места нè потсетува на неколку клучни факти, кои по некое правило постојано се изоставени, заборавени, игнорирани или премолчувани, со цел наметнување на ексклузивен и монолитен христијански карактер на Европа, од една страна, и неевропскиот карактер на исламот, од друга страна. Во однос на „автохтоноста на европското население“ прифатена е демографска теорија која зборува за индоевропското потекло на жителите на Европа. Значи „автохтоните“ Европејци се претежно со централноазиско, индиско и иранско потекло, што значи дека не се автохтони или ако кажеме дека се, тогаш освен Германци, Словени и така натаму, не се ништо помалку автохтони и Турците чија земја е дел од Европа, а се од истиот дел на светот. Тоа, важи и за Бошњаците и Албанците, кои се претежно муслимани, но и автохтони Европејци, бидејќи и тие живеат во овој дел на Европа од своето настанување до денес. Во однос на „домородниот европски карактер на христијанството“ од една страна и „неевропскиот карактер на исламот“ од друга страна ја прави оваа општоприфатена вистина смешна, имајќи го предвид потеклото на сите три монотеистички религии. Обидот да се побие горенаведеното во врска со присуството на христијанството и исламот на тлото на Европа хронолошки, авторот ни дава прецизни историски факти од кои дознаваме дека христијанството не стигнало до цела Европа пред исламот. Исламот е континуирано присутен на тлото на Европа повеќе од тринаесет века, долго пред христијанството да се прошири во делови од Скандинавија, Русија, Украина, Унгарија, Германија, Полска.

За постојаното потенцирање на проблемот со интегрирањето и прифаќањето на западноевропски начин на живот, како „подобар“ модел, авторот наведува дека европските христи-

јани зборуваат за потребата муслиманите кои живеат во Европа да се интегрираат во христијанска Европа и доколку не ги прифатат овие добри намери за нивно добро, туку ги задржат своите, нема да се интегрираат. Истото го доведува до апсурд и укажува за да едните да разберат што им велат другите, треба и муслиманите да зборуваат за потребата христијаните кои живеат во Европа да се интегрираат во исламска Европа. И продолжете да си го кажувате истото, додека и двајцата не сфатите дека единствената вистинска интеграција е онаа каде што никој не му кажува на другиот што да прави, а Европа дека е заеднички дом со еднакви права и обврски на сите.

Во оваа книга ќе се сретнете и со многу медиумски измами, но и за анализа и демонтирање на таканаречените научни вистини како оние на Бет Јеор, Оријана Фалачи, Мелани Филипс и други. Исто така, авторот многу објективно прави демографска анализа на движењето на муслиманското население во Европа, со цел да ги демонтира т.н. прогнози за исламската нумеричка предност во Европа и сеењето страв меѓу христијаните поради тоа.

Секоја реченица во овој дел од книгата е вредна за внимание и анализа. Дел од неа е посветена и на тероризмот, токму поради ставовите на центрите на моќ на најразвиените држави речиси и да нема човек што не помислува на исламот кога ќе го слушне зборот тероризам и обратно. Авторот ќе потсети дека тероризмот започна пред речиси двесте години, далеку од било каква врска со исламот. Обединетите нации издадоа препорака дека терминот тероризам никогаш не треба да се користи со национална, етничка или верска конотација, што генерално се почитува, освен кога станува збор за тероризам кој е извршен од припадник на исламот.

Ќе ја истакнам и историската важност на оваа книга, пред сѐ во однос на анализата на исламските држави во неколку поглавја, пред сѐ историјата на Андалузија и Османлиската Империја. Тука за прв пат ќе се сретнете со историските вистини и сознанија за создавањето на првата европска муслиманска држава Андалузија. Андалузија, според авторот, мора да биде лекција за Европа од повеќе аспекти, како државна заедница на припадниците на исламот, христијанството и јудаизмот, социјалната толеранција, културната средина, науката, филозофијата, архитектурата, музиката, уметноста и многу други гранки и дисциплини.

Она што е особено значајно за овие простори е поглавјето за исламот на Балканот и неговите автохтони муслимани, Бошњаци и Албанци. Во овој дел авторот става акцент на разбивање на митот за „насилна исламизација“. Во овој дел посебно внимание се посветува на мотивите за прифаќање на исламот, особено за доброволното. Во книгата за првпат се елаборирани причините и за неприфаќањето на исламот од страна на автохтоните европски народи кои живеат на Балканот.

На крајот, авторот заклучува дека секоја дискусија насочена кон оспорување на автентично мултикултурниот, мултиетничкиот и мултирелигискиот идентитет на модерна Европа е идеолошки мотивирана. За авторот Европа е првенствено културна легура излеана од изворно увезени, доминантно христијански и исламски елементи, со значително присуство на еврејската традиција, како и голем број архаични автохтони европски примеси, зачувани во сите делови на континентот. Затоа оваа книга е корисна не само за припадниците на исламот, туку и за припадниците на другите европски религии, бидејќи покажува дека соживотот и меѓусебното разбирање и почитување немаат алтернативи.

Зеќир Рамчиловиќ
Институт за национална историја, Скопје